ДДВ-01

Република Македонија
Министерство за финансии
Управа за јавни приходи

*Пополнува Управата за јавни приходи*

Датум д д м м г г г г

Број

# Пријава за регистрација за данокот на додадена вредност

## 1 Даночен обврзник

| | | |
|---|---|---|
| ЕДБ/ЕМБГ на обврзникот | 11 | |
| Скратен назив/Име и презиме на обврзникот | 12 | |
| Адреса на вистинското седиште за контакт (*може да се разликува од адресата на седиштето од судската регистрација*) | 13 | улица / број<br>поштенски број / населено место<br>телефон / телефакс |

## 2 Општи податоци

| | | |
|---|---|---|
| Правна форма | 21 | |
| Претежна дејност - шифра | 22 | |
| - опис | 23 | |

## 3 Податоци за сметката

| | | |
|---|---|---|
| Сметка кај носителот на платен промет | 31 | |
| Назив и седиште на носителот на платен промет | 32 | |
| Сметка во деловна банка | 33 | - - |
| | 34 | |
| Назив и седиште на деловната банка | 35 | |

## 4 Податоци за регистрација за ДДВ

| | | |
|---|---|---|
| Датум на почеток на вршење на стопанската дејност | 41 | д д м м г г г г |
| Вкупен остварен/претпоставен промет | 42 | |
| Доброволна регистрација | 43 | |

## 5 Полномошник

| | | |
|---|---|---|
| ЕМБГ на полномошникот | 51 | |
| Име и презиме на полномошникот | 52 | |
| Адреса | 53 | улица / број<br>поштенски број / населено место |

## Потврдувам дека податоците наведени во оваа Пријава се точни и целосни.

Датум на поднесување д д м м г г г г

Потпис на полномошникот

*Пополнува Управата за јавни приходи*

Датум на обработка д д м м г г г г

Број на решение

Потпис на обработувачот

Забелешка

Даночни обврзници на данокот на додадена вредност се сите физички лица, правни лица и здруженија на лица кои остваруваат приходи во рамките на самостојна стопанска дејност (како на пр. производители, трговци, занаетчиии или вршители на услуги, вклучувајќи го рударството, земјоделието, шумарството, издавањето на материјални и нематеријални добра на користење и др.).
Пријавата за регистрација за данокот на додадена вредност задолжително ја поднесуваат даночните обврзници со фактичко седиште, подружница, постојано живеалиште или престојувалиште во земјата чиј вкупен промет во изминатата календарска година го надминал износот од 1.300.000 денари, како и обврзниците кои при отпочнување со вршење на стопанска дејност проценуваат дека вкупниот промет во тековната година ќе го надмине овој износ.
Пријавата за регистрација ја поднесуваат и оние даночни обврзници кои доброволно сакаат да се регистрираат за данокот на додадената вредност, иако нивниот вкупен промет не надминува 1.300.000 денари.
Пријавата за регистрација се поднесува најдоцна до 15 јануари во тековната година. Ако даночниот обврзник започнал со вршењето на дејноста во текот на календарската година, пријавата се поднесува во рок од осум дена од почетокот од вршењето на дејноста.
Пријавата за регистрација се доставува по пошта или лично до Регионалната дирекција на Управата за јавни приходи (**УЈП**), според седиштето/живеалиштето на даночниот обврзник.

***Пријавата пополнете ја читливо, со печатни букви или на машина за пишување.***
***Не впишувајте ништо во сивите полиња, кои ги пополнува УЈП.***

## 1 Даночен обврзник

**ЕДБ/ЕМБГ на обврзникот**
Обврзниците-физички лица кои вршат регистрирана дејност (како занаетчии, трговци-поединци и сл.), правни лица и здруженија на лица, го впишуваат Единствениот даночен број (од даночната карта), добиен од УЈП при регистрацијата на даночните обврзници.

пр. *4030988113873*

Обврзниците-физички лица кои не вршат регистрирана дејност, го впишуваат Единствениот матичен број на граѓ анинот (ЕМБГ), од личната карта.

пр. 0908961455113

**Скратен назив/Име и презиме на обврзникот**
Обврзниците-физички лица кои вршат регистрирана дејност, правни лица и здруженија на лица го наведуваат називот (фирмата) што вообичаено го користат во секојдневното работење.

пр. *МАК-ПРОМ експорт-импорт Д.О.О. - Скопје*

Обврзниците-физички лица кои не вршат регистрирана дејност, го наведуваат своето име и презиме.

пр. *Петар Костовски*

**Адреса на вистинското седиште за контакт**
Се наведува полната адреса (улица, број, поштенски број и населено место) на вистинското седиште (локацијата на која претежно се врши дејноста и која не мора да е иста со адресата на седиштето од судската регистрација).
Обврзниците-физички лица кои не вршат регистрирана дејност, ја наведуваат адресата на живеалиштето.
Броевите на телефонот/ телефаксот се впишуваат заедно со карактеристичниот број на градот.

пр. *Васил Главинов 15/13*
*1000 Скопје*
*02/418-733, 02/418-734*

**<u>НАПОМЕНА</u>*: На оваа адреса УЈП ќе ги доставува пријавите за ДДВ, решенијата, известувањата и др. Неточноста на овој податок може да предизвика ненавремено информирање на обврзникот и други последици по неговото работење.***

## 2 Општи податоци

**Правна форма**
Обврзниците-физички лица кои вршат регистрирана дејност, правни лица и здруженија на лица ја впишуваат организационата форма (овој податок обично се содржи во полниот назив на даночниот обврзник).
Обврзниците-физички лица кои не вршат регистрирана дејност, впишуваат "физичко лице".

пр. *Друштво со ограничена одговорност (Д.О.О.)*

**Претежна дејност (шифра и опис)**
Обврзниците-физички лица кои вршат регистрирана дејност, правни лица и здруженија на лица ги наведуваат шифрата (според Националната класификација на дејностите) и описот на претежната дејност што ја вршат.

пр. *15.98/2 - Производство на освежителни пијалоци*

Обврзниците-физички лица кои не вршат регистрирана дејност, го наведуваат описот на стопанската дејност што ја вршат и заради која се регистрираат за данокот на додадена вредност.

пр. *изнајмување на деловен простор*

## 3 Податоци за сметката

**Сметка кај носителот на платен промет**
Во полето "31" се впишува сметката на даночните обврзници кај носителот на платен промет или сметката во Агенцијата за работа со блокирани сметки на учесниците во платниот промет на РМ доколку сметката на даночниот обврзник не е мигрирана во банка.
Доколку сметката е отворена во деловна банка, во полето "33" се наведува сметката на банката, а во полето "34" сметката на обврзникот (индивидуалната партија).

пр. *000200000028422544*
пр. *40100-601-0013383*

**Назив и седиште на носителот на платен промет**
Даночниот обврзник во полето "32" го впишува називот и седиштето на носителот на платен промет каде има отворено сметка или називот на Агенцијата за работа со блокирани сметки на учесниците во платниот промет на РМ.
Имателите на сметки во деловните банки во полето "35" го наведуваат називот на банката во која е отворена сметката.

пр. *Стопанска банка А.Д. - Скопје*

**<u>НАПОМЕНА</u>: *Од наведената сметка обврзникот ќе ги плаќа долгуваниот данок на додадена вредност и евентуалните камати и казни, а УЈП на неа ќе го враќа повеќе платениот данок.***

## 4 Податоци за регистрација за ДДВ

**Датум на почеток на вршење на стопанската дејност**
Се впишува датумот од кога обврзникот започнал со вршење на стопанската дејност.

пр. *19.04.1999*

**Вкупен остварен/претпоставен промет**
Вкупен промет претставува збир на оданочивиот промет, вклучувајќи го данокот на додадена вредност кој отпаѓа на него, освен прометот ослободен од данок без право на одбивка на претходниот данок, остварен во изминатата календарска година. Ако обврзникот се регистрира при отпочнување со вршење на стопанска дејност во текот на календарската година, вкупниот промет се определува врз основа на <u>проценетиот</u> промет до крајот на календарската година.
Ако даночниот обврзник ја врши својата дејност само во еден дел од календарската година, фактичкиот вкупен промет се пресметува на ниво на вкупен промет за целата календарска година.

пр. *Лицето "А" отвора автоме-ханичарска работилница на 1 ноември 2003 год. Тој го проценува очекуваниот вкупен промет (вклучувај-ќи го долгуваниот ДДВ) за ноември и декември 2003 год. на 500.000 денари. Од ова произлегува просечен месечен промет од 250.000 денари, односно вкупен го-дишен промет од 3.000.000 денари. Лицето "А" е обвр-зано за регистрација и ја поднесува пријавата за регистрација најдоцна до 8 ноември 2003 година.*

**Доброволна регистрација**
Обврзниците чиј вкупен промет не надминува 1.300.000 денари, и кои доброволно се регистрираат за данокот на додадена вредност, го означуваат ова поле со ☒. Обврзниците за кои регистрацијата е задолжителна не впишуваат ништо.

## 5 Полномошник

Во оваа рубрика се наведуваат Единствениот матичен број на граѓанинот, името и презимето и адресата на лицето кое од страна на даночниот обврзник е ополномоштено за потпишување на даночните пријави. Податоците се пополнуваат на начинот објаснет во рубриката "1 -

Даночен обврзник". Обврзниците-физички лица кои не вршат регистрирана дејност, и немаат полномошник, ги наведуваат своите лични податоци.

пр. *0908961455113 Коста Петровски Јане Сандански 12/3 1000 Скопје*

## Потврдувам дека податоците во оваа пријава се точни и целосни

Во оваа рубрика се наведува датумот на поднесување на пријавата за регистрација за данокот на додадена вредност.
Во означениот простор се внесува вообичаениот потпис на лицето наведено во рубриката "5 - Полномошник".

## ЗАКЛУЧНИ ЗАБЕЛЕШКИ

За извршената регистрација УЈП издава решение за регистрација за данокот на додадена вредност.
По извршената регистрација не е потребно повторно поднесување на оваа пријава. Евентуалните промени на податоците од оваа пријава (освен од рубриката "4 - Податоци за регистрација за ДДВ"), задолжително се пријавуваат во УЈП, согласно со одредбите на Законот за утврдување и наплата на јавните приходи.
Во случај на изостаната пријава за регистрација, даночниот обврзник ќе биде казнет со парична казна. Кај правните лица ќе се казнат и одговорните лица.
Подетални информации во врска со постапката на регистрација и начинот на пополнување на пријавата можат да се добијат во УЈП.